ОПШТИНА
ПРИЛЕП
MUNICIPALITY OF PRILEP

---

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА
МАКЕДОНИЈА

ОПШТИНА ПРИЛЕП
ИП1 Бр. 31, Јануари 2022г.
Прилеп

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИОТ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОР ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2021 ГОДИНА

Прилеп, Јануари 2022

---

Врз основа на член 15 став 4 од Закон за просветната инспекција („Сл. весник на Република Македонија“ бр. 52/05 година), Законот за изменување на Законот за просветната инспекција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.81/08, Законот за дополнување на Законот за просветната инспекција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.148/09, Законот за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.57/10, Законот за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.51/11, Законот за дополнување на Законот за просветната инспекција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.24/13, Законот за дополнување на Законот за просветната инспекција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.137/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.164/13, Законот за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.41/14, Законот за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.33/15, Законот за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.145/15, Законот за изменување на Законот за просветната инспекција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр.30/16 и Законот за изменување и дополнување на Законот за просветната инспекција, објавен во „Службен весник на РМ“ бр. 64/18, во кои е означено времето на нивното влегување во сила и примена изготвен е:

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ОПШТИНСКИОТ ПРОСВЕТЕН ИНСПЕКТОР ВО ОПШТИНА ПРИЛЕП ЗА 2021 ГОДИНА

Годишниот извештај за работа на Општинскиот просветен инспектор по својата програмска поставеност и динамиката на извршените надзори во 2021 година ги содржи следните елементи:

1) Оценката за квалитетот на образовниот процес и ефикасноста е врз основа на редовните педагошки надзори во работата на воспитно-образовните установи;
2) Општа оценка на состојбите од аспект на почитување на законитоста од страна на воспитно-образовните установи;
   - утврдените повреди и изречените мерки за спроведување на изречените мерки;
3) Реализација на стратешките цели од Годишната програма во 2021година
4) Податоци за бројот на извршените надзори во воспитно-образовните установи;
5) Препораки за подобрување на утврдените состојби, и
6) Подготвување на други податоци од значење за работата на Советникот - просветен инспектор.

Извршените надзори се врз основа на Годишната програмата за работа и Динамиката на Општинскиот просветен инспектор, како и врз основа на иницијативите од страна на вработените во воспитно-образовните установи и по барање на учениците, родителите и граѓаните.

- **Оценка на квалитетот**
- Врз основа на извршените редовни, вонредни и контролни надзори во 2021 година, Општинскиот просветен инспектор дава проценка за квалитетот на образованието во општинските основни и средни училишта во Општина Прилеп. Оценувањето се темели врз повеќе индикатори за квалитетот и ефикасноста во работата на училиштата и кадарот во реализација на наставно-воспитниот процес.
- На преден план е педагошко и организационо влијание за подобрување на квалитетот на образованието во образовните установи. Сето тоа е резултат на континуираното следење и вреднување од страна на Општинскиот просветен инспектор. Врз основа на извршените надзори се добива повратна информација од страна на училиштата при што се има увид на следните програмски целини:
  - услови за работа во воспитно-образовните установи,
  - колку добро работат училиштата,
  - опфатеност на учениците во задолжителното образование,
  - какви резултати постигнуваат учениците,
  - како работат наставниците во остварувањето на наставните планови и програми,
  - како работат другите вработени во училиштето и
  - како функционира образовниот систем на локално ниво во Општина Прилеп.
- **Повратните информации од контролата на квалитетот во образованието од општинската администрација се користат за воспоставување на баланс и утврдување на:**
  - ✓ **успешноста и ефикасноста во реализација на планираните наставни цели,**
  - ✓ **реализација на наставните планови и програми**
  - ✓ **колку рационално се трошат предвидените средства,**
  - ✓ **како се планираат следните активности и решенија за успешното функционирање на наставниот процес,**
  - ✓ **меѓусебна размена на искуствата меѓу наставниот кадар со неопределено работно време,**
  - ✓ **менторирање на работата со наставници-почетници, и**
  - ✓ **поттикнување на квалитетот за унапредување на наставниот процес.**

- Инспекциските надзори по својата содржинска и законска рамка,имаат утврдено правилна насоченост во почитување на Правилникот за педагошкото водење и евидентирање на евиденцијата која задолжително се води во реализација на наставниот процес. Инспекциската поставеност има за цел да го заштитува образовниот процес од импровизации и некомпетентно, нестручно организирање на наставата. Воспоставен е соодветен квалитет на Годишните планови и програми на воспитно-образовниот процес во училиштата. На овој начин создадена е заштита од евентуални критики за нивното нестручно работење во училиштата.Училиштата ги почитуваат правата на децата без разлика на етничката припадност,вера,пол и др.и во училиштата каде што има потреба за пристапни рампи за деца со телесни пречки,истиот пристап е обезбеден.
- Исто така при елементарна непогода училиштата имаат изготвено планови за евакуација и поголем број училишта, имаат спроведено симулации за брзо напуштање на училишните објекти.Хидрантите се во функција и ПП апаратите, навремено се сервисираат.Училиштата успешно работат на на сопствена промоција,имаат изготвено Кодекси за однесување на сите структури вклучени

- во воспитно-образовниот процес,имаат добра соработка со локалната заедница,деловната заедница и со невладиниот сектор.Во поголем број на училиштата соработката со раководниот орган со стручните органи и тела е добра,а соработката со раководниот орган е на задоволително ниво.

Во сите средни училишта понудените проектни активности и слободни часови се во насока на проширување на знаењата на учениците од струката и се реализираат според предвидениот распоред и динамика.Сите училишта имаат функционална компјутерска опрема и ИКТ во наставата е на највисоко ниво ,со оглед дека во Пандемија Ковид 19 имавме настава од далечина.Новоименуваните членови на училишни одбори се запознати со законските одредби кои ги регулираат нивните надлежности.
При вршење на редовни надзори осврт е ставен на актуелни теми како што е Меѓуетничата интеграција во образованието.Меѓуетничката интеграција во образованието е составен дел на македонскиот образовен систем кој е спроведувен од УСАИД,МЦГО,во сите училишта на РСМ,каде е отсликана состојбата во однос на МИО.Со формираните СИТ-ови,секое училиште обезбедува партнер училиште и спроведува заеднички активности.

- Во овој дел од Годишниот извештај треба да истакнеме дека реализација на наставните планови и програми во сите основни и средни училишта се реализираат согласно Законите за основното и средното образование во Република Северна Македонија. Треба да се истакне дека во потполност се почитува Календарот за реализација на воспитно-образовната работа за учебната 2020/2021 година. Во овој временски период училиштата извршија внатрешно подобрување на процесите во креирање и реализирање на сопствените промени. Донесува важни одлуки, со кои влијаат на многу фактори поврзани со квалитетот за подобрување на наставата. Таа е единствен модел со што се остварува поголема институционална одговорност и ја градат педагошката автономија на училиштето Ова е и суштината на процесот на децентрализација на основното и средното образование на локално ниво.
- Во овој дел од Годишниот извештај имаме потреба да ги истакнеме насочувањата кои ќе се поттикнуваат и промовираат во 2022 година. На преден план е:
  - ***клима и култура во воспитно –образовните установи,***
  - ***индикатори на квалитет во имплементација на наставните содржини, и***
  - ***редефинирање на воспитно образовни стандарди во воспитно-образовната работа по сите наставни предмети,***

  Предмет на извештајната организираност и поставеност ќе биде во извештајот за 2022 година.

Во својата содржина училишните планирања ги карактеризираат главните правци во развојот на наставата. Планирањето предвидува системски активности кои се реализираат во училиштето врз основа на поставените *приоритети, цели, задачи и активностите со критериуми на вреднувањето.* Во плановите училиштата превземаат позитивни чекори за промена на квалитетот во презентација и вреднување на успехот на учениците низ наставниот процес, во животот и работата на училиштето. Наставниот кадар низ својата работа има потреба од перманентно стручно усовршување, а со тоа донесува важни одлуки за својот перманентен развој, на наставниот процес и се носители на активностите во остварување на заедничката образовна мисија на државното и локалното ниво.

- Проценката од извршените надзори во работата на општинските училиштата е транспарентен, со што се обезбедува потполно информирање на вработените во училиштето, а пред сé; наставниците, учениците, родителите и Локалната самоуправа. Исто така обврска е да се запознаат Училишните одбори и наставничките совети за резултати од работата на секое општинско основно и средно училиште.

- Пред да се изврши инспекцискиот надзор до сите училишта претходно се доставува писмено известување - Инструмент за проценката на педагошката организираност на училиштето. Инструментот се потпира на Програмата за работа и Динамиката на инспекциските надзори. По извршениот инспекциски надзор се доставува Записник со содржина и протокол од констатираната состојбата во наставно-воспитната работа во училиштето. Решение со предлог мерки за постоечките состојби со утврдена временска рамка за надминување на утврдени недостатоци и надминување на констатираните состојби.Треба да

се истакне дека инспекцискиот надзор се остварува во континуитет во присуство на директорите,стручната служба и наставниот кадар. Согласно измените за инспекцискиот надзор предвидени се постапки за едукација на кадарот, која се спроведува во секој тим, во зависноста од степенот на пропустите во организационото функционирање и реализација на училиштето.

- Во изминатата календарска година имаме континуирано следење и контрола на организациската и педагошката поставеност на училиштата. Овој вид на контролата во потполност ни помогна во организациско подобрување на наставно-воспитната работа во сите општински основни и средни училишта. На тој начин дојде до зголемување на стручно-педагошката ангажираност на директорите и стручните служби во подобрувањето на условите и квалитетот на наставата.

- Едновремено, воспоставени се интерни стандарди за унапредување на педагошко-инструктивната работа во реализација на наставата во училиштето..

**ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА Овластен општински просветен инспектор Каролина Николоска**
**за период од 22.06.2021 до 30.09.2021 година**
**(29.09.2021) :(решение бр:04-1521/1 од 22.06.2020г.)**

| | |
|---|---|
| Редовни надзори | 82 |
| Вонредни надзори | 2 |
| Контролни надзори | / |
| Вкупно надзори | 84 |
| Донесени решенија | / |
| Извршени едукации | 2 |
| Барања за прекршоци до основен суд | / |
| Број на предмети | 86 |

Како овластен општински просветен инспектор се трудам да дадам исклучителен придонес кон остварување на плановите за инспекциски надзор на инспекциската служба,со максимално почитување на законските рокови за подготвување записници и инспекциски акти,највисок квалитет во работата со уредност во водење на предметите и квалитет во писменото изразување,целосна вклученост во реализацијата на другите работни задачи кои ми се доделени,како и целосно реализирање на индивидуалниот план за стручно усовршување и обука,со сработени 439 за основно и 105 за средно образование согласности за вработување.
(Реализацијата на годишниот план за 2020 беше под ипакт на Пандемијата Ковид 19,што значи се вложија напори за постигнување на резултати по основ на истиот,со оглед дека наставата беше со учење од далечина,т.е.on-line настава и со дополнителен времен ангажман во Државен и здравствен санитарен инспекторат во траење од два месеци со решение бр.04-2749/1 од 13.11.2020 г).

## Известување за други работни задачи и задолженија:

1.Изработка на стратешки документ-Стратегија за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост на младите во Општина Прилеп-Август 2019

2.Реализација на Пилот Проект,,Учениците во Компаниите“-03.03.2020г.

3.Член во Комисија за кариерен развој на наставниците и проверка на исполнетоста за професионалните стандарди за звање наставник-ментор од 28.01.2021-12.02.2021г.

4.Ангажман во Државен и здравствен санитарен инспекторат од 03.11.2021 до 12.02.2021 г –изготвување решенија за Ковид/19

5.Состанок на 17.02.2021г за Меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост на младите во Општина Прилеп

6.Состанок на 23.02.2021г –Инклузивно образование-Ресурсни центри,личен и образовен асистент

7.Надзори-Услови за работа во основните училишта од 18.02.2021-26.02.2021г

8.Состанок на 08.03.2021г.меѓу Општините со основните училишта со ресуресен центар и Завод за рехабилитација на деца со оштетен слух,говор и глас и др.проблеми во развојот ,,Кочо Рацин“.

9.Состанок на 11.03.2021г Локална Самоуправа со Институт за социолошко и политичко правно истражување-како Претставник од Локална Самоуправа –Каролина Николоска

10.Редовни надзори во средните училишта од 23.03.2021 до 30.03.2021-Услови за работа

11.Учество на состанок за иницијативата ,,Квалитетно образование“-Поддршка за образованието

12.На 18.03.2021г.- Состанок со средношколците во проектот за Меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост на младите во Општина Прилеп

13.Состанок –Локална стратегија со младинска акција-01.04.2021г

14.Состанок –Од Локална стартегија до младинска акција -28.04.2021г.

15.Континуирана координација со МОН-Прекувремена работа – Прашалници за опременост на кабинети по биологија и хемија

16.На 26.03.2021г. Соработка со фондот за иновации и технолошки развој

17.На 08.04.2021г.Јавен повик –Предизвик за млади истражувачи-Зелени проекти.

18.На 06.04.2021г –Детска амбасада за сите деца во светот –Дозвола за спроведување на истаржување во основните и средните училишта во Општина Прилеп

19.Од 15.06.2021 до 30.06.2021 –Уписи во средните училишта –Координација консултација,организација,мониторинг

20.Континуирано изработка на согласности за интервентно вработување во основните и средните училишта со МОН,ДИЦ,ДПИ

21.Состанок –Од Локална стратегија до младинска акција на 15.04.201г

22.Состанок на 16.04.2021г.-UNDP-Истражување за проценка на повратниците и потребите на индивидуално ниво,како и институционалните капацитети на ниво на локална заедница.

23.На 15.04.2021г.-Дигитализација на услугите во областа на образованието –конференција со МОН,МИОА,ФИНКИ,Амбасада на Велика Британија,Сигма –Советник за образовни политики

24.На 19.04.2021г-Соработка со Управата за водење на матични книги

25.На 22.04.2021г-Состанок –Од Локална стратегија до младинска акција

26.На 23.04.2021г. Номинација за претставник за координација со МОН за образовни реформи –Обуки на наставници од I и IV одд.

27.Организација на обуки за наставници од I и IV одд.

28.Распределба на ИКТ во основните и средните училишта на 28.04.2021

29.Соработка со Народен правобранител на 04.05.2021г-Запишани и незапишани ученици

30.Соработка со Одделението за капитални инвестиции при МОН-Прирачник за оддржување на училишни објекти-04.05.2021г.
31.Проект„Биди ин,биди инклузивен,биди инклудиран-Апликација за децастипендии за деца со попреченост во прво одделение 07.07.2021г

31.Состаноци со Директорите од сите средни иосновни училишта од 17.05 до 21.05.2021г

32.На 27.05.2021г Состанок со Невладина Ромска Организација „Luludu"на тема „Превенција против трговија со луѓе"

33.На 28.05.2021г.Промоција на речник и граматика на Ромски јазик-Автори-Фатиме и Љатиф Демир

34.На 03.06.2021г.-Овластување за надзор при јавна набавка за електрична инсталација –Проект од МОН-

35.Вклученост во јавни набавки –Претседател на комисија –ГИМ

36.Организирање на обуки за наставниците од прво и четврто одделение од 17.05.2021 до 28.05.2021г. во О.О.У.Климент Охридски–Прилеп

37.Редовен надзор во основните училишта за упис на првачиња од 07.06.2021 до 16.06.2021г.

38 .Организирање на обуки за наставниците од прво и четврто одделение од 28.06.2021 до 01.07.2021г. во О.О.У.Гоце Делчев –Прилеп

39.Проект преку USAID-Реновирање на училиштата

40.Состанок 09.07.2021г.Luludi-Презентација на видео-материјал за Превенција против трговија со луѓе
41.Координативен состанок за младинска акција во Општина Прилеп 15.07.2021г.

42.Реонизација на училиштата-табели на првачиња 23.07.2021г.

**43. Работилница за зајакнување на локалните мултидисциплинарни тимови во процесот на имплементација на Стандардните Оперативни Процедури(СОП) за реинтеграција,ресоцијализација и рехабилитација на повратници од странски војски и нивните семејства на ден 03.08.2021г.**

44.Распределба и дистрибуција на 3000 учебници за прво одделение и 800 учебници за четврто одделние по новата Концепција за основно образование за учебната 2020/2021 г.

**45.** На ден **28.09.2021**г.учество. во СОУ"Ристе Ристески-Ричко", Прилеп, на промоција на паралелките од овогодинешната генерација ученици кои се запишаа во образовните профили за дуално стручно образование по германски модел - Техничар за индустриска мехатроника и Техничар за производно машинство. Комисијата за дуално образование при Делегацијата на германското стопанство во Република Северна Македонија ке го посети училиштето, при што директорот Патрик Мартенс ќе им додели учиилишни ранци на учениците. На средбата ќе бидат присутни и претставници од партнер-компаниите "Витаминка", "Гентерм" и "Вик", во кои учениците од овие дуални паралелки ја реализираат својата практична обука.

46.Сработени 1213 согласности за интервентно вработување од кои 978 во основно образование,а 235 во средно образование.

47.Решение за член во комисија за трансформација и дадени 12 решенија за трансформација за работен однос од определено на неопределено време во основно образование февруари 2020г.

**48. Учество во реализација на Проектот за набавка на урбана опрема неопходна за опремување на Паркот за миленици-17.09.2021г.**
**Креирањето на ваков тип на рекреативно место за граѓаните на Прилеп е активност поддржана од Проектот на УСАИД за меѓуетничка интеграција на младите во образованието во соработка со општина Прилеп и ЈКП „Комуналец", а е иницирана и застапувана од група ученици кои го посочија недостатокот на ваков јавен простор во нивната заедница.**
**49.Проект„Супер училишта"-На 25.10.2021г-учество,кофинансиран од Европска унија и Федералното министерство за економска соработка и развој на Р.Германија**

Сите општински основни и средни училиштата имаат целосна посветеност во унапредувањето на воспитно-образовната работа, подигнување на ефикасноста и ефективноста во работата на стручните тимови. Во општинските училишта организациско-педагошката поставеност соодветствува на барањата и стандардите во исполнувањето на квалитетот на наставата во образованието.
Од успешноста во следењето и оценувањето на наставно - воспитната работа и проценката на критериумите за успешност во реализација на активностите секогаш ќе зависи остварувањето на целите и задачите поставени во Годишните планови и програми и реализација на наставните планови и програми. Квалитетот во реализацијата мора да е под постојано опсервирање и проценување од страна на директорот, наставниот кадар и стручната служба.
Констатација од извршените надзори во учебната 2021г е:
-Од страна на училиштата се користат стандардизирани тестови при упис на деца во прво одделение.
-Има соодветно реализирање и организирање на практичната настава на учениците во средните стручни училишта и во организациите.
-Воспоставена процедура за обука на члeновите на Училишните одбори во училиштата.

Сите општински основни и средни училиштата имаат целосна посветеност во унапредувањето на воспитно-образовната работа; подигнување на ефикасноста и ефективноста во работата на стручните тимови. Во општинските училишта организациско-педагошката поставеност соодветствува на барањата и стандардите во исполнувањето на квалитетот на наставата во образованието.

Од успешноста во следењето и оценувањето на наставно - воспитната работа и проценката на критериумите за успешност во реализација на активностите секогаш ќе зависи остварувањето на целите и задачите поставени во Годишните планови и програми и реализација на наставните планови и програми. Квалитетот во реализацијата мора да е под постојано опсервирање и проценување од страна на директорот, наставниот кадар и стручната служба.

**Почитување на законитоста**

Врз основа на извршените инспекциски увиди во 2021 година во основното и средното образование од аспект на почитување на законите, како и другите прописи и општи акти во воспитно-образовните установи основани од општината, констатирана е следната состојба:

Подигната е одговорноста на раководните тимови, администртивниот и наставниот кадар во почитување на законите, другите прописи и општи акти во воспитно-образовните установи.

Доколку се забележуваат одредени негативности во примената и почитувањето на законските процедури и постапки, ќе им биде укажано во Решение по извршениот инспекциски надзор. На тој начин ќе се отстранат сите констатирани недостатоци кои произлегуваат од непочитување на законите и другите прописи што се однесуваат на работата во воспитно-образовните установи основани од општината.

Согласно член 29 и член 30 од Закон за просветна инспекција („Сл. Весник на Република Македонија“ бр.52/05) Во 2020 година не е предложено поведување на дисциплински постапки, одстранување од работното место, против вработен во основното и средното образование, бидејќи не е направена повреда што предизвикува изречување на ваква вид на мерка.

Следењето и проверувањето на напредокот и постигањето на успехот на учениците се врши според Правилникот за оценување на учениците при изведување настава од далечина,според насоките од Министерството за образование и наука,изготвен според насоките за почитување мерки за заштита од Пандемијата –Ковид 19.

За наставниците, стручните соработници или воспитувачите, кои во остварувањето на воспитно-образовниот процес не покажуваат задоволителни резултати, Бирото, Советот на родители или Државниот просветен инспекторат покренуваат иницијатива до Училишниот одбор за преиспитување на нивната способност за реализација на работните обврски, согласно член 131 од Законот за основното образование.

Утврдувањето на психофизичките способности на вработените во основното училиште, односно заболеноста од одредени душевни болести, алкохолизам и наркоманија се врши согласно со прописите од областа на здравствената заштита согласно член 90 од Законот за основното образование. Во доставената документација не е сосема јасно изразена здравствената положба на лицето за обавување на воспитно-образовната работа.

Од извршените надзори, утврдените состојби, преземените дејствија и мерки, Општинскиот просветен инспектор составува поединечни записници. Записниците и Решенијата се доставуваат до Градоначалникот, раководителите на општинската администрација и до воспитно-образовната установа, во рок од 15 дена од денот на извршениот надзор. Општинските основни и средни училишта во рок од 8 дена,согласно Законот за инспекциски надзор имаат можност доколку не се согласуваат со наодите во решенијата да се изјаснат пред Градоначалникот. Во досегашен период општинските основни и средни училишта не покренувале таков вид на незадоволства, туку реално настојуваат да ги надминат посочените недостатоци во работата.

Согласно член 26 од Законот за основното образование („Сл. Весник на Република Северна Македонија“ бр.161) сите општински основни училишта имаат донесено Статути. Со статутот особено се уредуваат: организацијата и вршењето на воспитно- образовната дејност, називот, седиштето, управувањето и раководењето, правата и обврските на учениците, правата и обврските на вработените и други прашања од значење за работа на основното училиште.

образование и наука. Во досегашен период општинските основни и средни училишта не покренувале таков вид на незадоволства, туку реално настојуваат да ги надминат посочените недостатоци во работата.

Согласно член 26 од Законот за основното образование („Сл. Весник на Република Северна Македонија" бр.161) сите општински основни училишта имаат донесено Статути. Со статутот особено се уредуваат: организацијата и вршењето на воспитно- образовната дејност, називот, седиштето, управувањето и раководењето, правата и обврските на учениците, правата и обврските на вработените и други прашања од значење за работа на основното училиште.

## Извршени надзори

Согласно динамиката на инспекциските надзори во 2021 година извршени се 82 редовни инспекциски надзори во работата на општинските основни и средните училишта. Од увидите воспоставена е системска постапка со која се обезбедува и контролира квалитетот на воспитно-образовната работа во основното и средното образование во Општина Прилеп. Целта на инспекциските надзори е да се воспостави процес на континуирано подобрување на воспитно-образовната работа во установите во Општина Прилеп.

Во августовскиот и септемврискиот период во 2021 година посетени се сите основни и средни училишта во Општина Прилеп, со цел конкретно согледување на состојбите и условите пред почетокот на учебната 2021/2022 година. Од извршените увиди секогаш се проценуваат конкретни активности за санирање на состојбите од

инфраструктурен карактер. Целта на увидите е да се обезбедат подобри услови пред почетокот на учебната 2021/2022 година. Активноста на Општинскиот просветен инспектор се состои во поттикнување на активностите од воспитно-образовниот карактер во организација на наставата во училиштата и обезбедување на финансиската поддршка од страна на Општина Прилеп.

Следењето и вреднувањето на работата на установите се реализира преку следните нивоа и тоа:

- Проценка на условите за исполнување на воспитно - педагошките стандарди за остварување на наставата во учебната 2021/2022 година;
- Запишување на учениците,согласно реонизација во основното образование и прва година во средното образование;
- Финансиската поддршка на училиштата за санација - подобрување на условите за работа во училиштата;
- Постапки при оформување на паралелките – утврдување на бројот на учениците во паралелките во основното и средното образование;
  Стручно-педагошка екипираност на училиштата за навремено отпочнување со воспитно - образовната работа во учебната 2020/2021 година.
- Внатрешната систематизација на работните места и одредување на фондот на наставните часови на секој наставник во училиштето.
- Годишната програма за работа во оваа учебна година мора да има внатрешна образовна поврзаност со поставените приоритети од Развојното планирање на училиштата, со цел за надминување- унапредување на слабите страни од Извештајот за самоевалуацијата. Во проценката се вреднуваат слабите и добрите страни во работата на наставниот кадар и усовршување за оваа учебна година. Овој пристап бара поголема ангажираност на стручните тимови за што им е потребна соодветна поддршка во реализација на предвидените цели и задачи од развојниот план на училиштето

- Во овој временски период од почетокот на 2021 година се поттикнуваат ***Индикатори за квалитет во наставата*** и ***Унапредување на климата и културата во образовните установи***.Имплементација на содржините од овој процес ќе бидат составен дел на Годишниот извештај за 2021 година.

Во августовскиот период изготвени се тези за планирање на содржините во Годишните програми за воспитно-образовната работа во основното и средното образование во Општина Прилеп.Извршени се едукативни средби со директорите и стручните служби за квалитетно изготвување на Годишните програми во основни и средни училишта за учебната 2021/2022година и прилагодување на истите според Пандемијата Ковид 19.

Во учебната 2021/2022 година во 10-те Општински основни училишта од **I** до **IX** одделение запишани се 6287 ученици во 338 паралелки Опфатеноста на учениците во паралелка е под законскиот минимумот кои изнесува 20,72 ученика во паралелка, кој не е во согласност со член 53 став 4 („Сл. Весник на Р.Македонија" бр.103/ 08.) кој трба да се движи од 20 до 30 ученика во паралелка.

Во учебната 2021/2022 година во Општинското основно музичко училиште „Ордан Михајлоски -Оцка " се школувале 320 ученици Училиштето според својата специфичност за едукација на музички надарени ученици во потполност ги исполнува барањата за организација на воспитно-образовната работа во училиштето. Од друга страна треба да се истакне дека Министерството за образование и наука ,во досегашен временски период вложува за унапредување на наставната технологија. Карактеристично во сето ова е; за училиштето не се печатат Дневници за реализација на наставата, во овој период се прават заложби за приклучување кон интернет мрежата.

Во учебната 2021/2022 година во 5-те Општински средни училишта вкупно запишани се 3295 ученика во 128 паралелки. Вкупниот број на ученици на ниво на Општина Прилеп во основно и средно образование е 9582 ученици со 1154 вработени како наставен и стручен кадар.

Според динамиката на активностите во 2021 година имаше контролни назори пред почетокот на наставната година во сите основни и средни училишта,бидејќи наставата се одвиваше преку учење од далечина,поврзани со почитување на Протоколите за почитување на мерките за заштита од Ковид 19. За учениците од социјално загрозени семејства набавени се ИТ уреди за олеснување на образовниот процес.

Општина Прилеп се труди да изгради кохерентна визија за отворена наука, со определени принципи и вредности.Со изготвената **Стратегија за меѓуетничка интеграција и граѓанска вклученост на младите во Општина Прилеп,** се помага во градењето на меѓуетничко интегрирано образование и се помага во зацврстување на современ квалитетен образовен модел и успешен ефективен воспитно образовен систем,кој ќе ги промовира и негува меѓуетничките и меѓукултурните вредности.Целта на Стратегијата е да се разбираат и прифаќаат различни перспективи и погледи во светот,да се почитуваат различностите и прифаќаат сличностите.Во овој период наставниот кадар ги диференцира приоритетите.Фокусот го става на стекнување знаења и вештини со трајни вредности, она што е неопходно потребно за стекнување знаења.Во сите училишта во Општина Прилеп,интенција на квалитетно интегрирано образование е градење на современи ,успешни ,ефективни воспитно-образовни установи,кои ќе ги промовираат мултиетничките вредности,индивидуалниот пристап кон учениците,позитивна емоционална клима и конструктивна повеќенаменска комуникација во пријатен поттикнувачки училишен амбиент.

И покрај Пандемијата со Ковид 19,училиштата остануваат посветени на **своите приоритети**,а тоа се:

- **Подобрување на условите за учење и квалитет во остварување на основното образование**

- **Подобрување на капацитетите на човечките ресурси во основното образование**

- **Законитост,стручност, одговорност,ефективност ,ефикасност**

- **Подобрување на условите за учење**

Во услови на Пандемија како Општина се трудиме да го следиме флексибилниот систем на образование од далечина.Преку советодавна и превентивна улога **овластениот општински просветен инспектор, ги сумира сите релевантни искуства за севкупното влијание на Пандемијата Ковид 19 врз образовниот процес**.Сите ученици се со физичко присутво на настава на ниво на Општина Прилеп. Во 2021 година постигната е дигитализација во основното и средното образование на завидно ниво,но треба уште до комплетирање на целиот проект.
Во средните училишта акцентот се става на стекнување на применливи знаења компатибилни на пазарот на трудот и за таа цел се направена е **Анализа на потребите од вработувања за претпријатијата од прилепскиот регион, во соработка со Регионалната стопанска комора** за воведување на профили кои ќе ги подготват учениците за одговорен живот во слободно,граѓанско демократско општество.
Имено во услови на Пандемија се Општината се труди да ги подобри инфраструктурните услови во училиштата со тоа што вкупно има вложено околу 78 милиони денари во образованието на ниво на Општина Прилеп.

Единствена програмска ангажираност во тој временски период е проценка на исполнетоста на условите за работа на воспитно-образовните установи пред почетокот на учебната 2020/2021 година;

Во втората фаза од извршените инспекциски увиди во основните и средните училишта извршена е проценката за исполнетоста на следните програмски подрачја:

- **Исполнетоста на условите во организација и реализација на наставниот план и програма и други пропишани стандарди и нормативи со кои се уредува воспитно- образовната дејност во основното и средното образование;**
- **Со надзорот и вреднувањето се обезбедува квалитетна реализација на наставните планови и програми , како и поттикнување на стручните служби и директорот да вршат анализа на планираните активности во реализирани, на наставно-воспитната работа;**
- **Услови за избор на наставници и стручни соработници во воспитно – образовната установа ;**
- **Увид во организација на педагошко-инструктивна работа на педагошко-психолошката служба во училиштето;**
- **Реализација на активностите за подобрување на квалитетот на наставата во училиштето;**
- **Искористеност на современи наставни средства и методи во наставата;**
- **Реализација на додатната, дополнителната и слободните ученички активности во училиштето;**
- **Уредност на педагошката евиденција и документација во училиштата;**
- **Искористеност на современите наставни средства и технологија во наставата;**
- **Проценка на реализираните активности од Развојното планирање и самоевалуацијата од страна на директорот, стручната служба, стручни активи и развојниот тим;**
- **Инструктивно-педагошко поттикнување на наставниците за подобрување на квалитетот на наставата во училиштето;**
- **Редовност на учениците во наставно-воспитниот процес;**
- **Покренување на постапката против родителите, за учениците кои не ја посетуваат наставата.**

Предложените содржини во планирањата во основните и средните училишта по својата поставеност на целите, задачите и активностите во потполност ја сфатија потребата и значењето на планирањето и програмирањето на наставата што се согледува во:

- трансформација на општите цели од наставните планови во конкретни воспитно-образовни задачи и обврски во училницата;
- рамномерно распоредување на активностите на членовите во колективот;

- зголемена ангажираност на кадарот во процесот на модификациите во наставната практика;
- јасна ориентираност на училиштето при остварувањето на воспитно-образовната работа ;
- едукација на кадарот за користење на информатичката технологија во наставата;
-подобрена е дидактичката апликативност во наставната работа.

Важно е да се истакне дека во 2021 год. внатрешната методско-дидактичката одговорност за организација на наставниот кадар во училиштата постапно го менува обликувањето во наставата. Истовремено, мора да истакнеме дека имаме наставен кадар кој недоволно го познава и применува ИКТ во својата работа.

Едновремено, треба да се истакне дека сите училишта се вклучени во проектните активности за осовременување на образовната работа. Училиштата се вклучени во проектите за усовршување на вреднувањето и оценувањето на ученичките знаења Треба да се истакне дека во десетте редовни училишта од основното образование има квалитетна примена и сертифицирање на постигнувањата во работата на наставниците.

Училишните тимови имаат обврска да направат детална проценка на педагошката организираност при вреднувањето во наставниот процес. Училишните тимови во потполност се следат и поттикнуваат во четирите развојни фази од страна на Општинскиот просветен инспектор на Општина Прилеп.

**Реализација на оперативните обврски**

- ✓ Број на поднесени барања од странки, други органи и институции ----------------- 2
- ✓ Излегување на терен по службена должност -------------------------------------------- 82
- ✓ Постапување по барање на странки (одговор на странка, упатување на странка, препраќање на предмет до надлежен орган, барање на дополнителна документација од странка или надлежен орган или институција) ----------------- 2
- ✓ Број на изработени службени белешки (излегување на терен, обиколки, предупредувања) ---------------------------------------------------------------------------- 28
- ✓ Работни,консултативни и советодавни средби со службите ------------------------ 34
- ✓ Број на доставени одговори по барање од други институции ----------------------- 3
- ✓ Број на планирани инспекцискинадзори ------------------------------------------------105
- ✓ Број на извршени инспекциски надзори -------------------------------------------------- 82
- ✓ Број на вонредни инспекциски надзори---------------------------------------------------2
- ✓ Број на донесени решенија---------------------------------------------------------------- /

- ✓ Број на спроведени едукативни работилници ------------------------------------------------2
- ✓ Број на изготвениакти акти од областа на образованието ----------------------------544

**Препораки за подобрување**

Во Годишниот извештај за 2021 година дадени се анализи и согледувањата од извршените инспекциски надзори, проценки за исполнетоста на условите и педагошките стандарди во општинските основни и средни училишта. Со цел да се подобрат воспитно-образовните резултати на учениците и условите за работа во училиштата во наредниот период се предлагаат следните мерки :

- **следење и поттикнување на ефикасноста и ефективноста во наставата за подобрување на квалитетот на наставната работа;**
- **практична примена на индикаторите за квалитет во наставата;**
- **унапредување на климата и културата во образовните установи;**
- **примена на Правилникот за оценување на наставниот кадар и стручната служба во училиштата;**
- **Промена на педагошки и етички принципи во наставната практика;**
- **воспоставување на квалитетен систем од страна на стручните служби на следење, анализирање и вреднување на работата во училиштето;**
- **професионално усовршување на воспитно-образовниот кадар во примена на новите техники и методи во наставата;**
- **воведување и практикување на информациско и комуникациска технологија во реализација на наставата;**
- **примена на педагошко-психолошките инструменти од страна на директорот и стручната служба при утврдување на состојбите, потребите и резултатите од постигнувањето на наставниците во наставата;**
- **унапредување на педагошко-инструктивната работа на директорот и стручната служба на училиштето;**
- **организирање на отворени нагледни часови, особено во средните училишта, со цел да се поттикнува квалитетот на наставата и унапредуваат знаењата на учениците;**
- **континуирана реализација на дополнителната и додатната настава во сите училишта, особено во средното образование;**
- **доследна примена на активностите од годишното развојно планирање на училиштето со проценка на критериумите за успешноста;**
- **хигиено-техничко одржување и уредување на училиштето и училишниот простор;**
- **задолжително реализирање на дежурството од страна на наставниот кадар за време на редовната настава;**
- **поголемо настојување од страна на родителите, наставниот кадар, стручните служби и директорот кон развивање на воспитната компонента кај учениците;**

- **активна вклученост на Училишниот одбор во животот и работата на училиштето во почитување на позитивните законски прописи од образованието;**
- **поголема вклученост на Советот на родители во подобрувањето на редовноста на учениците во наставата;**
- **Организирање на едукативни работилници кои се од општа полза за вработените во образовната дејност од локален и екстерен карактер.**

Извештајот за работата на Општинскиот просветен инспектор во Општина Прилеп за 2021 година покажува дека ефектите што се постигнати во образованието во оваа календарска година се многу поголеми од претходните. Во голема мера тоа се должи на редовната и советодавна постапка што ја врши Општинскиот просветен инспектор и одговорноста што се промовира кај вработените во образовните институции.

***Со надзорот и преземените мерки ќе се продолжи и во 2022 година со цел да се проценуваат постигнувањата во работата на образовните институциии да се подобрат Индикаторите за квалитет во наставата и унапредување на Климата и културата во училиштата.***

**Општински просветен инспектор на Општина Прилеп,**
**Каролина Николоска**

**Раководител на Сектор Инспекторат во Општина Прилеп,**
**Блаже Димески**

**Градоначалник на Општина Прилеп,**
**Борче Јовчески**